# НОВО срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 97, Дата: 29. 08. 2011.**

## ДЕТСКИ МИСЛИ

Во минатиот број на „НОВО СРЦЕ“ ви претставивме збирка на детски молитви, кои веројатно ве насмејаа, но истовремено и го покажаа детското, искрено и едноставно срце.
Во овој број ќе ви претставиме збирка од забавни, детски размислувања (на возраст од 4 до 11 години). Некои од нив се за Бог, а други за животот, семејството, учењето..и.т.н.



**Размислувања на деца, од областа на христијанството:**

- Бог е посилен од Супермен, Бетмен и Спајдермен, заедно.
- Едно утро додека лежев, мислам дека го слушнав Божјиот глас. Звучеше вака: „вррррррррммм“. А можеби пак беше косилицата на нашиот сосед.
- Дете во комунистичка Русија ги прашало своите родители: “Знае ли Бог дека ние не веруваме во Него?”
- Во нашиот дом, нема потреба да кажуваме молитва пред јадење, затоа што мојата мајка е одличен готвач.
- Јас не сум крстен, ама затоа сум вакциниран.
- Една песна која децата ја пееле во црквата, звучела вака: “Исус сака јас да бидам сончев зрак”. Едно момче (слушајќи ја песнава) се побунило: “Но јас сакам да бидам ѕидар!”
- Едно дете учело за создавањето на човекот, според Библијата. Потоа отишло кај неговиот татко, кој бил поприлично дебел, и му рекло: “Тато, ти знаеш дека Бог го создал човекот од прав и во носот му дувнал животворен дух. Тате, не ли мислиш дека кај тебе Бог дувнал малку посилно?”
- Кога ќе отидам на небото, би сакал повторно да го видам мојот дедо. Само се надевам дека таму, тој нема да ги има грубите влакна и миризбата на стар дедо.
- Јас верувам во ангели, но она што не можам да го разберам за ангелите е, зошто кога некој е вљубен, тие го гаѓаат со стрелки?
- Ако немало авиони во времето на Исус, тогаш зошто го нарекувале Понтиј, пилот?
- Египјаните, кои тргнале по израелците, сите се издавиле во пустината!
- Христијаните можат да имаат само една жена. Тоа се вика монотонија.

### *Прашања и Одговори:*

- **Како е создаден човекот?** -Бог го создал човекот без лепило, шајки, или било што друго.
- **Во која градина живееле Адам и Ева?** –Во зоолошка градина!
- **Што е тоа пророк?** -Пророк е човек кој купува нешто за 1 денар, а потоа го продава за 2 денари.
- **Како знаеме кога маж и жена се во брак?** -Јас многу лесно препознавам кои чичко и тетка се маж и жена; тоа се оние двајца кои цело време викаат по истото дете.
- **Што знаете за посвојување деца?** -Посвојувањето деца е добро, бидејќи така родителите можат сами да си одберат дете, а не да го земат она што ќе им се падне.
- **Како се размножуваат рибите?** -Рибите се размножуваат така што во водата испуштаат искри.
- **Како изгледа кругот?** -Кругот е тркалезен квадрат.
- **Како изгледа праската?** -Праската е како јаболко со тепих.



**Уредници: Горан Илиев, Илија Камчев и Александар Ѓорѓиев и Андријана Ѓорѓиева.**